МЦМС

# РЕЈТИНЗИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

## ПРЕГЛЕД НА АНКЕТИТЕ 2020



WWW.MCMS.MK

**Наслов:**

Рејтинзи на политичките партии - преглед на анкетите  - 2020

**Издавач:**

Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**За издавачите:**

Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС

Гонце Јаковлеска, извршен директор на МЦМС

**Автори:**

Александар Кржаловски, МЦМС

Фанија Ивановска, МЦМС

**Контакт:**

ул. Никола Парапунов, 41а пошта фах 55, 1000 Скопје

http://mcms.mk

http://facebook.mk/mcms.mk

http://twitter.com/mcms_mk

Скопје, јули 2020 година

Сите права се задржани. Репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на било кој дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на публикацијата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на било кој начин без наплата за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Во електронска форма публикацијата е достапна на http://www.mcms.mk

# СОДРЖИНА

Листа со кратенки ........ 4

Вовед ........ 5

Методологија на агенциите ........ 6

Рејтинзи на партиите ........ 7

Прилог 1. Графички приказ на рејтинзите ........ 9

# ЛИСТА СО КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АзА/А | Коалиција на Алијанса за Албанците и Алтернатива |
| АзА | Алијанса за Албанците |
| БИПС | Здружение за безбедносни истражувања, човекови права и слободи |
| БЕСА | Движење БЕСА |
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство |
| ВМРО+ | Коалиција „Обнова за Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| ДИК | Државната изборна комисија |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ИПИС | Институт за политички истражувања |
| ИФЕС | Меѓународна фондација за изборни системи |
| МЦМС | Македонски центар за меѓународна соработка |
| НДИ | Национален демократски институт |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| СДСМ+ | Коалиција „Можеме“ предводена од СДСМ |
| ТИМ | Тим институт |

# ВОВЕД

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во рамките на своите активности за следење на предвремените избори за пратеници, ги следи објавите на разните агенции за рејтингот на политичките партии. Во овој извештај е презентиран прегледот на последните објави на секоја од агенциите пред претстојните избори закажани за 15 јули 2020 година.

Прегледот е направен врз основа на информациите доставени до МЦМС (сопствена нарачка за анкета спроведена од М-Проспект), од објави на официјалните страни на нарачателите и/или анкетните агенции (НДИ и ИПИС), објави на социјалните медиуми на нарачателите и/или агенциите (БИПС), како и од објави во медиумите (анкетите на Брима, МекЛафин, ИФЕС и Стратум).

Во овој преглед се наведни сите објавени анкети, без оглед дали ги задоволуваат минимум стандардите пропишани во Изборниот законик или дали воопшто постојат анкетните агенции или самите анкети. Пропустите кои ги има кај дел од нив се коментирани подолу во текстот, бидејќи една од целите на овој извештај е и придонес кон професионализација на анкетирањето во Македонија, меѓу другото и со посочување на агенциите кои не се придржуваат до законските одредби или професионалните стандарди. Таму каде што не се знае нарачателот или агенцијата која ја спровела анкетата ставен е „?“.

*Табела 1. Преглед на агенциите, односно нарачателите и нивните веб-страници*

| Агенција (нарачател) | Кратенка | Веб-страница |
|---|---|---|
| **М-Проспект (МЦМС и ТВ Телма)** | М-Проспект | http://m-prospect.com/ |
| **Тим институт (Национален демократски институт - НДИ)** | ТИМ | https://www.ndi.org/ |
| **Здружение за безбедносни истражувања, човекови права и слободи – БИПС** | БИПС | - |
| **Брима (?)** | Брима | http://www.brima.com.mk/ |
| **Мек Лафин (?)** | Мек Лафин | - |
| **?/(Меѓународна фондација за изборни системи)** | ?/ИФЕС | https://www.ifes.org/ |
| **Институт за политички истражувања** | ИПИС | https://ipis.org.mk/ |
| **Здружение Сиа Виста (ВМРО-ДПМНЕ)** | Сиа Виста | - |
| **Стратум Р&Д (?)** | Стратум | - |

Секаде каде што беше можно директно се преземени податоците од самите агенции, односно нарачателите, додека за оние од медиумите, преземени се објавените податоци и направени се дополнувања за постигнување на конзистентност и обезбедување целосна информација.

Во овој преглед се објавени споредбено рејтинзите на партиите (процентот од испитаниците кои се изјасниле за таа партија на прашањето „за кого ќе гласате на изборите на 15 јули“ или слична формулација, зависно од агенцијата), според анкетите на агенциите. Споредена е прво методологијата: тип на истражување (теренско или телефонско), примерок (број на испитаници), статистичка грешка (каде што било достапно), како и период на анкетирање и датумот на објавување. Кај податоците кои се преземени од медиумите, за датум на објавување наведен е датумот кога била објавена во медиумот.

Понатаму, покрај рејтинзите направена е проценка предвидениот број на освоени гласови, согласно со процентите од анкетата, **без да се земат превид (т.е. со исклучување) на неопределените**, што ќе биде директно најспоредлив податок со конечниот извештај на Државната изборна комисија (ДИК), по завршување на изборите. Се разбира, при споредба со официјалните резултати, ќе треба да се пондерираат вредностите со процентниот број на определените гласачи во однос на постигнатата излезност, за секоја од агенциите посебно.

Исто така, во сите истражувања има процент на статистичка грешка (од 1,5% до 3,0%) што значи дека е можен резултат во тие рамки, односно зголемување/намалување на изборните резултати на секоја од партиите, од она што е предвидено со анкетите.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА АГЕНЦИИТЕ

Во табелата подолу е даден прегледот на применетата методологија на секоја од агенциите. Согласно членот 77 од Изборниот законик, при објавување на испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес, медиумите и електронските медиуми (интернет портали) се должни да наведат податоци за името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, институцијата која го извршила испитувањето, применетата методологија, големината на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето.

*Табела 2. Преглед на методологиите (редоследот е според датумот на објавата)*

| Агенција | Нарачател | Тип | Приме-рок | Стат. грешка | Период | Објава |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Сиа Виста | ВМРО-ДПМНЕ | телефонска | 1159 | - | 08.6-11.6-2020 | 16.6.2020 |
| ? | ИФЕС | телефонска | 1111 | 2,9% | 30.5- 4.6.2020 | 17.6.2020 |
| М-Проспект | МЦМС/Телма | телефонска | 1003 | 3,1% | 16-21.6.2020 | 24.6.2020 |
| ТИМ | НДИ | теренска | 1213 | 2,8% | 12-21.6.2020 | 03.7.2020 |
| Брима | ? | телефонска | 1174 | - | 5-14.6.2020 | 05.7.2020 |
| МекЛафин | ВМРО-ДПМНЕ | телефонска | 5901 | - | во текот на јуни | 05.7.2020 |
| ИПИС | ИПИС | телефонска | 1087 | 3,0% | 2-5.7.2020 | 07.7.2020 |
| БИПС | БИПС | телефонска | 1323 | 1,5% | 29.6.-03.7.2020 | 08.7.2020 |
| Стратум | ? | телефонска | 900 | - | 01.06-06.6.2020 | 08.7.2020 |

До моментот на објавување на овој преглед на анкети, за некои од спроведените истражувања недостасуваа дел од овие податоци. Па така, во табелата 2, во колоната „нарачател" недостасува податок за три од спроведените анкети. Додека пак, во објавата на анкетата спроведена од МекЛафин е наведено дека истата е спроведена во текот на месец јуни, но не е наведен точниот период на спроведување. Во однос на анкетата спроведена од Брима, во дел од медиумските објави е наведено дека бројот на испитаници е 1202, а во други дека е 1174. Дополнително, иако не е изречна законска обврска, во медиумските објави за анкетите спроведени од страна на ИФЕС, Брима, МекЛафин и Стратум не може да се најдат податоци за статистичките грешки на кои се подложни резултатите. Во случајот на ИФЕС, не е познато која агенција го спровела анкетирањето.

## РЕЈТИНЗИ НА ПАРТИИТЕ

Во следната табела, прикажани се рејтинзите на партиите, како и проценката за процентот на неопределени гласачи (колона Неопределени, во која спаѓаат сите одговори кои не се за определена партија, како: не знам, се уште не сум решил, одбивам да одговорам и слично).

*Табела 3. Рејтинзи на партиите (во %)*

| Агенција | Опред. | СДСМ+ | ВМРО+ | ДУИ | АзА/А | Др. | Неоп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сиа Виста | **53,7** | 20,0 | 22,5 | 6,1 | 4,5 | 0,6 | **46,3** |
| ?/ИФЕС | **49,8** | 20,00 | 16,00 | 5,9 | 6,2 | 1,7 | **50,1** |
| М-Проспект | **59,8** | 23,5 | 21,9 | 6,4 | 5,0 | 3,0 | **40,1** |
| ТИМ | **63,2** | 24,8 | 21,2 | 7,2 | 5,7 | 4,3 | **37,0** |
| Брима | **54,3** | 21,3 | 15,1 | 8,2 | 4,9 | 4,8 | **45,7** |
| МекЛафин | **70,0** | 27,0 | 29,0 | 8,0 | 6,0 | - | **30,0** |
| ИПИС | **54,4** | 19,8 | 21,9 | 5,9 | 4,2 | 2,6 | **45,6** |
| БИПС | **56,1** | 20,4 | 24,3 | 4,2 | 3,1 | 4,1 | **43,9** |
| Стратум | **64,0** | 25,0 | 23,0 | 7,0 | 5,0 | 4,0 | **37,0** |

Во табелата се вклучени сите партии кои во некоја од анкетите се појавиле со над 2% рејтинг. Сите други партии, кои се појавуваат во некоја од анкетите, но никаде со повеќе од 2% од гласовите се вклучени во колоната „други". Сите податоци (проценти) за партиите се преземени од објавите на агенциите. Колоните „ВМРО+" и „СДСМ+" ги означуваат партиските коалиции формирани од страна на партиите за предвремените парламентарни избори - во случајот на „СДСМ+", станува збор за коалицијата „Можеме" и во себе го вклучува и рејтингот на партијата БЕСА, додека пак, „ВМРО+" се однесува на коалицијата „Обнова за Македонија" предводена од партијата ВМРО-ДПМНЕ. Колоната „АзА/А" се однесува на коалицијата помеѓу партиите Алијанса за Албанците и Алтернатива.

Методолошка забелешка за колоната „неопределени" е дека агенциите користеле разни опции (или испитаниците се изјаснувале различно кога немало понуден избор на

опции) како одговори: не знам, нема да гласам, нема одлучено/не сум определен, ниедна, не сакам да кажам и слично. Иако за дел од овие испитаници може да се претпостави дека сепак ќе излезат на гласање, заради усогласеност на приказите, сите тие си прикажани со колоната „неопределени“.

Земајќи предвид дека во конечните резултати од ДИК, се сметаат освоените гласови, односно процентите на партиите во однос на **вкупниот број на избирачи кои гласале**, во продолжение (табела 4) е прикажана пресметка на процентите на партиите во однос само на определените испитаници. Процентите се градирани во однос на објавените вкупни проценти (види табела 3).

*Табела 4. Рејтинзи на политичките партии како процент само со определени испитаници (во %)*

| Агенција | СДСМ+ | ВМРО+ | ДУИ | АзА/А | Др. |
|---|---|---|---|---|---|
| Сиа Виста | 37,2 | 41,9 | 11,4 | 8,4 | 1,1 |
| ?/ИФЕС | 40,2 | 32,1 | 11,8 | 12,4 | 3,4 |
| М-Проспект | 39,3 | 36,6 | 10,7 | 8,4 | 5,0 |
| ТИМ | 39,2 | 33,5 | 11,4 | 9,0 | 6,8 |
| Брима | 39,2 | 27,8 | 15,1 | 9,0 | 8,8 |
| МекЛафин | 38,6 | 41,4 | 11,4 | 8,6 | - |
| ИПИС | 36,4 | 40,3 | 10,8 | 7,7 | 4,8 |
| БИПС | 36,4 | 43,3 | 7,5 | 5,5 | 7,3 |
| Стратум | 39,1 | 35,9 | 10,9 | 7,8 | 6,3 |

На сличен начин, во следната табела е претставен проценетиот број на освоени гласови, пропорционално со претходната табела, а согласно и со процентот на определените испитаници за секоја од агенциите посебно.

*Табела 5. Проценет број на освоени гласови (од вкупно 1.814.263 гласачи)*

| Агенција | СДСМ+ | ВМРО+ | ДУИ | АзА/А | Др. |
|---|---|---|---|---|---|
| Сиа Виста | 362.853 | 408.209 | 110.670 | 81.642 | 10.886 |
| ?/ИФЕС | 362.853 | 290.282 | 107.042 | 112.484 | 30.842 |
| М-Проспект | 426.352 | 397.324 | 116.113 | 90.713 | 54.428 |
| ТИМ | 449.937 | 384.624 | 130.627 | 103.413 | 78.013 |
| Брима | 386.438 | 273.954 | 148.770 | 88.899 | 87.085 |
| МекЛафин | 489.851 | 526.136 | 145.141 | 108.856 | - |
| ИПИС | 359.224 | 397.324 | 107.042 | 76.199 | 47.171 |
| БИПС | 370.110 | 440.866 | 76.199 | 56.242 | 74.385 |
| Стратум | 453.566 | 417.280 | 126.998 | 90.713 | 72.571 |

# ПРИЛОГ 1. ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА РЕЈТИНЗИТЕ

*Графикон 1. Движење на рејтинзите на партиите според анкетите на агенциите спроведени во периодот од 16 јуни до 8 јули 2020 г.*

